РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-859/1
23-02-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава за корупција, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 46-та седница, продолжение одржано на ден 19.02.2021 година донесе

**О д л у к а**

Постапката по предметот број 12-5194 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-5194/1 од 14.11.2019 година, доставена од непознати подносители, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-5194 од 2019 година, за случајот не се потврдени предметните наводи.

Предметот со број 12 -5194 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-5194 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-5194/1 од 14.11.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител – револтирани членови на ------.

Во пријавата изнесени се наводи против ЈЗУ Центар за јавно здравје ------- за незаконити исплати по основ на ангажман на лице по договор за дело во периодот 2018 и 2019 година, а подносителите на пријавата се сомневаат дека ангажираното лице било партиски вработено/ ангажирано во наведената здравствена установа и бараат да се преиспита наведениот случај.

Во конкретниот случај, станува збор за наводи за незаконито ангажирање на лицето ------- ----------, кое било на возраст од околу 60 години а на чија што трансакциска сметка му биле префрлани парични средства од наведената установа по основ на негово ангажирање со договор на дело. Во доставената пријава се наведува дека во врска со предметниот случај била поднесена пријава до трудовата инспекција, по што по барање од ангажираното лице спогодбено бил раскинат договорот со Центарот за јавно здравје --------- но, за краток период договорот повторно му бил обновен и тој продолжил со работа, а на ден 08.11.2019 година, бил објавен оглас во кој се барало вработување на тројца работници, за кој подносителите се сомневаат дека едната работна позиција била предвидена на таков начин за да одговара за вработување на ангажираното лице.

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до Центарот за јавно здравје -------- за достава на податоци и информации во врска предметните наводи. По однос на доставеното барање на ДКСК, на ден 21.05.2019 година, добиен е одговор од ЈЗУ Центар за јавно здравје --------- и по разгледување на одговорот со прилог документацијата, ДКСК го констатира следното:

- Наведеното лице -------- ---------- било ангажирано во периодот од 03.09.2018 до 31.12.2018 година на работно место - хемиски техничар со договор на дело за потребите на Центарот за јавно здравје --------- согласно добиената согласност од Министерство за здравство и за финансии од 16.08.2018 година, која била издадена согласно одредбите од член 9 од Законот за трансформација во редовен работен однос.

- По барање на согласност за продолжување на согласноста за ангажирање на лица со договор на дело во ЈЗУ Центар за јавно здравје -------- за 2019 година, доставено од Министерството за здравство, имало продолжување на согласноста добиена од Министерството за финансии од 30.01.2019 година и истото лице било повторно ангажирано за периодот од 01.02.2019 до 15.11.2019 година. Потоа, по барање на ангажираното лице на 15.11.2019 година бил раскинат договорот поради негови лични потреби - ------ ---------, а истиот повторно бил склучен на ден 20.11.2019 година кога бил ангажиран како возач, економ - домаќин и овој договор спогодбено бил раскинат на ден 20.12.2019 година.

- Во доставеното известување јавната здравствена установа наведува дека времените договори - договори на дело биле склучени согласно член 9 од Законот за трансформација во редовен работен однос („Службен весник на РМ" бр. 20/2015), според кој согласност за ангажирање лица со договор на дело давало Министерство за финансии а по барање испратено од страна на Министерство за здравство.

- На ден 18.09.2019 година од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје -------- било доставено барање за добивање на согласност за вработување и склучување на договор за вработување на неопределено време, до Министерството за здравство поради потреба од регулирање на статусот на ангажираните лица со договор за дело до 31.12.2019 година, со кое се барало вработување на три лица на неопределено работно време за извршување на работни задачи во овој центар а меѓу кои било предвидено и вработување на едно лице на работно место - хемиски техничар. Министерството за здравство врз основа на ова барање побарало согласност за вработувањето и на ден 21.10.2019 година било добиено известување од Министерството за финансии со кое се известува дека за предметните три вработувања во ЈЗУ Центар за јавно здравје --------- на неопределено време, во Буџетот на оваа јавна здравствена установа за тековната фискална година (2019) се обезбедени финансиски средства.

-По добиената согласност, на ден 21.10.2019 година, од страна на в.д. директорот на ЈЗУ Центар за јавно здравје ---------, бил објавен јавен оглас за наведените три вработувања а по спроведената постапка по истиот биле склучени договори за вработување со кандидатите, меѓу кои бил склучен и договор со лицето ------ --------- за вработување на неопределено време на работно место хемиски техничар, а на која позиција ова лице и моментално било вработено.

Врз основа на сето погоре констатирано, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека во предметниот случај предметните наводи за незаконити исплати во наведената јавна здравствена установа не се потврдени, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за свое

натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот, се запира а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива
По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., Советник
Одобрил :Н.Б, Член на ДКСК